АГЕНЦИЈА
ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА
ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТАТА

на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

ЗА 2018 ГОДИНА

Битола, Февруари 2019 година

СОДРЖИНА

СОДРЖИНА....2
ПОИМНИК....3
1 ПРЕДГОВОР....4
2 СОГЛЕДУВАЊЕ....5
2.1 Расположиви ресурси....5
2.2 Структура на вработени....5
3 БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ НА АПРЗ....6
3.1 Програма: Зајакнување на институционалните капацитети (Администрација) 7
3.1.1 Сектор за земјоделство и рурален развој....7
3.1.2 Сектор за финансиски прашања....7
3.1.3 Сектор за правни и општи работи....9
3.1.3.1 Извештај за работата на управниот одбор....10
3.1.4 Одделение за управување со човеки ресурси....11
3.2 Програма: Совети....12
3.2.1 ТЕРЕНСКИ АКТИВНОСТИ - Едукативно-информативни средби со земјоделски производители во руралните подрачја....14
3.2.2 Едукација на ЗС кои не ги исполнуваат минималните услови за ДЗП и ЗЖС 19
3.2.3 Учество на АПРЗ во активности организирани од меѓународни проекти .19
3.2.3.1 Проект „Воведување на националната програма за консолидација на земјиште (MINLAND)“....19
3.2.4 Информирање и односи со јавноста....20
3.2.4.1 „Односи со јавноста и медиуми“....20
3.2.4.2 „Виртуелен центар за советодавни служби“....21
3.2.4.3 „СМС комуникација и информирање“....24
3.2.5 Обука за стратешко планирање....25
3.2.6 Поддршка....25
3.2.6.1 Учество во реализација на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој....25
3.2.6.2 Учество во реализација на ИПАРД Програмата....27
3.3 Програма: Систем за мониторинг на фарма/ФАДН....28
4 ЗАКЛУЧОК....30

ПОИМНИК

Одделни изрази користени во Годишниот извештај на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството го имаат следното значење:

АПРЗ - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
ЗС - Земјоделски стопанства
СУ - Советодавни услуги
УО - Управен одбор
ВРСМ - Влада на Република Северна Македонија
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МФ - Министерство за финансии
ИПАРД - Инструмент за пред-пристапна помош (ИПА), петта компонента рурален развој (ИПАРД)
ДЗП и ЗЖС - Добра земјоделска пракса и заштита на животната средина
ДЗХП - Добра земјоделска и хигиенска пракса
РЕ - Работна единица
РО - Регионално одделение
ИС - Информатички систем
ИКТ - Информациски и комуникациски технологии
ФАДН - Farm accountancy data network - Мрежа на сметководствени податоци за фарма
ФМС - Farm monitoring system - Систем за мониторнг на фарма
ЕУ - Европска Унија
СЕМПА - Систем за евиденција, мониторинг и планирање на активности
ТЕСП - Техничко-економски советодавни пакети
СИЗП - Систем за идентификација на земјишни парцели
ЗПИС - Земјоделски пазарен информативен систем
ФЗНХ - Факултет за земјоделски науки и храна
ДФЛ - Државна фитосанитарна лабораторија
МРР - Мрежа за рурален развој на РСМ
ДО - Демонстративни опити

1 ПРЕДГОВОР

Извештајот за работењето на АПРЗ за 2018 година ги содржи клучните компоненти како што се: расположивите ресурси, избраните приоритетни активности и активности за подобрување на ефикасноста во нејзиното функционирање.

АПРЗ во изминатата година во рамките на постоечките ресурси и капацитети се обиде да креира одржлива рамка на националниот советодавен систем за поттикнување на развојот на земјоделството преку зајакнување на постоечките знаења и способности, со цел да се промовира како еден од трите столбови (заедно со научните институции и фармерските асоцијации) на агро-економскиот развој.

Врз основа на сегашните услови и потреби во агрокомплексот, АПРЗ во 2018 година ги поддржуваше земјоделските стопанства со обезбедување бесплатни совети и информации за нивно реструктуирање, со цел зголемување на конкурентноста и прилагодување на македонското земјоделско производство кон ЕУ стандардите.

АПРЗ даде придонес кон поддршка на Владината Програма, како и Националната програма за земјоделство и рурален развој, преку испорачаните советодавни услуги, насочени главно кон земјоделските стопанства во пазарно ориентираните и руралните средини.

Во таа смисла, АПРЗ треба да продолжи со започнатите активности од изминатата година со цел, во догледно време да ја преземе главната улога во стручно-едукативниот и агро-информативниот систем на трансфер на знаења и вештини во пресрет на реализација на владините и националните програми за земјоделство и рурален развој насочени кон руралната заедница.

Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

Битола,
Февруари, 2019

2 СОГЛЕДУВАЊЕ

2.1 Расположиви ресурси

АПРЗ е основана со Законот за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (Сл. Весник на РМ бр. 3/98, 43/14 и 64/18). Согласно Законот за основање и Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. Весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), АПРЗ функционира како орган на државната управа, има својство на правно лице и е самостојна во својата работа. Вработените имаат статус на административни службеници.

Расположив капитал. АПРЗ функционира на целата територија на Република Северна Македонија, во 30 градови, групирани во шест региони со Дирекција во Битола и 16 дисперзирани канцеларии во руралните средини. Располага со 19 сопствени објекти, користи 12 објекти на локална самоуправа, јавни претпријатија, други државни органи и лица. Секоја Работна единица е опремена со компјутерска опрема која е поврзана со информациски систем.

Во моментот со склучен договор помеѓу АПРЗ и вработени советници задолжени за теренски активности се користат приватни возила за службени цели. Активностите се базираат врз основа на одобрени и потврдени планови на ниво на извршител, работна единица, регионално и национално ниво, а од буџетот се покриваат трошоците по основ изминат километар со пресметана амортизација според дефинирани критериуми.

АПРЗ поседува: 30 влагомери за мерење на влажноста на зрнести производи, 30 рефрактометри за мерење на шеќерот во грозјето, 10 pH и EC-метри за мерење на киселоста и електроспроводливоста на почвата и 6 агрометеоролошки станици сместени во 6 работни единици: Битола, Кавадарци, Струмица, Свети Николе, Гостивар и Велес.

АПРЗ располага со редовен Буџет, со кој се располага согласно потврден Стратешкиот план и Годишна програма за работа

2.2 Структура на вработени

Јануари 2018 година АПРЗ ја започна со 100 вработени, а годната ја заврши со 132, од кои 32 лица беа ангажирани на определено време до 31.12.2018.

Напоменуваме дека вкупниот број на вработени на неопределено време е во постојано опаѓање, а просекот на старосната структура изнесува 51 година.

Табела бр. 1: Структура на вработени во 2018 година

Степен на образование	**Број на вработени**	
	Неопределено работно време	**Определено** работно време
ВСС	76	30
ВШС	9	
ССС	15	2
Вкупно	**100**	**32**
Возрасна структура	**51 година**	**33 години**
Родова застапеност	**35 жени (35%)** **65 мажи (65%)**	**14 жени (43,75%)** **18 мажи (56,25%)**

3 БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ НА АПРЗ

АПРЗ, имајќи ја во предвид моменталната состојба во земјоделството, потребата на рационализација на расходите и приоритетот од одделни активности, воведе соодветна организациона поставеност на целите, користејќи ја организационата и функционалната поставеност на АПРЗ.

Програмите се во согласност со стратешките приоритети и цели на АПРЗ. Воедно при изборот на програмите покрај расположивите ресурси се раководевме од потребата да обезбедиме целите на програмите на АПРЗ да бидат конзистентни со приоритетите и целите утврдени од Владата на Република Северна Македонија. Врз основа на постоечката функционална структура, програмите се групирани според активности.

Табела бр. 2: Реализиран Буџет по програми за 2018

Одобрен и реализиран Буџет за 2018 год.												
прог. број	Назив	Опис	Буџет 630	реал. 630	Буџ 631	реал 631	Буџ 785	реал 785	Буџ 785	реал 785	индик атор	бр.
I - 10	Админ истра ција	Организација и управување 40 42 46 48	48.446 5.798 264	48.330 5.760 264					1.216	378	договори интерни акти	20 5
I I- 20	Совети	Реализација на СУ 42	1.289	1.289	1.887	573	500	99				
		Едукација на советници									број на обуки	100
		Едукација на ЗС									бр. на ЗС по сов-ик 40	4000
		Поддршка во реализација на владини програми									информ.и поддршка на апликац.	50000
III - 30	ФМС	Систем за мониторинг на фарма ФАДН 42	749	749	613	869					број на фарми вклучени во ФАДН	700
		Вкупно	**56.546**	**56.392**	**2.500**	**1.442**	**500**	**99**	**1.216**	**378**		
		Разлика	**154**		**1.058**		**401**		**838**			

Остатокот од неискористените средствата во буџетот се од ставка на неискористени средства за плати и надоместоци од плати и средства за тековни трошоци кои поради објективно субјективни причини не се искористија при реализацијата на Годишната програма за работа, истите се повлекуваат во буџетот на РС Македонија.

Програмските активности даваат можност за јасно дефинирање на активностите групирани според вид, приоритет, цел и ефекти кои се очекуваа да се постигнат. Програмите се составен дел од Стратешкиот план на АПРЗ.

Износите од други извори на финансирање се варијабилни, тие зависат од моменталните услови и случувањата, истите може да не соодејствуваат со предлогот на планираните и реализирани износи.

3.1 Програма: Зајакнување на институционалните капацитети (Администрација)

Програмата Зајакнување на институционалните капацитети (администрација) е поддржана со буџет кој ги покрива вкупните исплати на вработените за плати и надоместоци на плати, придонеси и даноци, сите режиски трошоци за одржување (струја, вода, телефони, комунални услуги и сл.), ја поддржува работата на надворешна консултантска услуга и работата на УО, овозможува поддршка во реализација на потребата од надворешни даватели на услуги, го поддржува функционирањето на работните групи по специјалности и програмските активности на регионално ниво и сл.

АПРЗ доследно ја следи стратегијата на Владата на РСМ во насока на институционално зајакнувуање на севкупните капацитети на институциите и во тој контекст се преземени низа активности. Овие активности беа во насока на поголема ефективност и ефикасност во работењето на АПРЗ во процесот на институционалната консолидација.

Сето ова има за цел издигнување на АПРЗ во стабилна, ефиаксна и отчетна институција, која ќе биде способна да одговори на современите барања и да имплементира стандарди во согласност со ЕУ, при што крајниот бенефит ќе го имаат земјоделците, но и сите други чинители во земјоделскиот сектор кои ќе ги користат резултатите од активностите на АПРЗ.

3.1.1 Сектор за земјоделство и рурален развој

Активностите на Секторот во 2018 година главно беа насочени кон навремено имплементирање на Годишната програма за работа на АПРЗ за 2018 година креирана согласно Стратешкот план на АПРЗ, понатаму информирање, координација, советување и насочување од страна на советодавците по специјалности од специфични области од земјоделското производство, како и следење на работата на советодавците при извршувањето на нивните секојдневни задачи и работни обврски.

Редовно се следеа месечните планови и извештаи на советодавците по специјалности при што врз основа на истите се изработуваа анализи за нивната работата .

Поголем акцент беше ставен на информирање и помош на земјоделците за искористување на средствата од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2018, ДЗП и ЗЖС, стручни совети по области со цел подобрување на производството како и надминување на проблемите во производството, осигурување во земјоделството, облици на здружување, како и конкретна помош на земјоделците при аплицирање по програмите.

3.1.2 Сектор за финансиски прашања

Организационата поставеност на АПРЗ дефинира распространетост на локациите на 30 Работни единици во 30 градови. Тоа овозможува децентралистички пристап при настанување, следење, потврдување и контрола на документацијата на основно ниво. Заради намалување на трошоците и подобра ефикасност во обработката на сметководствено-финансиската документација, истото се извршува во дирекцијата на АПРЗ.

Напоменуваме дека неколку последователни години секторот функционира со вкупно тројца вработени кои согласно законот за финансиско управување и контрола, не е во можност да се примени доследна негова реализација. Благајничкото работење е во поддршка од другите сектори.

Финансиското работење се заснова пред сé, на законските прописи и интерните акти, како и потребите на АПРЗ. Активностите во делот на обработката на документацијата се извршуваат со примена на непосредна контрола во користењето на финансиските и

материјалните средства со поддршка на потсистемите од ИС - софтвер и доделените контролни функции на одделни работни места и задачи.

Согласно Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната Управа („Службен весник на Република Македонија“бр. 105/2007 и 146/2007) и Уредбата за измена и дополнување на уредбата за начелата за Внатрешна организација на органите на државната управа Бр.51-4880/1 од 12 октомври 2011 година, врз основа на чл. 50 од Статутот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Управниот одбор на Агенцијата на ден 30.11.2012 година, иако во меѓувреме се извршени и други измени на Правилникот за внатрешна организација (15.10.2014, 17.12.2014, 16.01.2015,) се донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Агенцијата за потткнување на развојот на земјоделството, така што **Секторот за финансиски прашања се состои од три одделенија со надлежности и задачи утврдени и усогласени со Правилникот за начинот на извршување на работите од надлежност на единицата за финансиски прашања** (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/10 и 34/11. Согласно постоечките услови на расположиви ресурси и менаџмент поддршката, реализацијата на обврските на овој сектор се насочени кон обработка на документацијата запазувајки ги основните законски процедури:

„**Одделение за сметководство и плаќање**“, кое врши работи што се однесуваат на:

1. сметководствено евидентирање за извршување на буџетот/финансискиот план и подготвувањето на годишна сметка;
2. сметководствено евидентирање на основните средства на субјектот, евидентирање и наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски;
3. изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на субјектот и неговите органи во состави и единки корисници согласно законските прописи;
4. ex ante сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето согласно пишаните процедури за сметководствените процеси;
5. секојдневно водење на благајнички работи и трезор, следење и евидентирање на состојбата и движењето на средствата, следење и извршувањето на трошоците, пресметување, исплата и евиденција на плати;
6. координирање, контрола и давање инструкции во поглед на финансиско-материјалното работење, изготвување на предлог-буџет и сл.

„**Одделение за буџетска контрола**“, кое врши работи што се однесуваат на:

1. изготвување на прегледи за реализација на буџетот и го следи наменското трошење на средствата;
2. контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативно управување (надзор над целокупниот процес на финансикото управување и контрола);
3. контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред преземање на обврските;
4. следење на реализацијата на договорите за јавните набавки и спроведува ex ante и ex post финансиска контрола - вршење документирана контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација;
5. следење на ефективноста на буџетската контрола што ја спроведуваат раководителите при управувањето со сопствениот дел од буџетот, при што обезбедува дали: одобрените буџети не се надминати, пренамените помеѓу буџетските ставки се вршат согласно на целите и/или намената и буџетските ставки се извршуваат во годината за која се планирани и сл.

„**Одделение за буџетска координација**“, кое врши работи што се однесуваат на:

1. го координира процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на субјектот;
2. го координира процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола;
3. давање предлози за воспоставување/укинување на ex ante финансиска контрола со вршење на проценка на ризик и ажурирање на процедурите за работните процеси од областа на финансиското управување и контрола;
4. задолжително дава мислења по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици во субјектот и предлог актите на други субјекти кои имаат или може да имаат финансиски импликации за буџетот на субјектот;
5. изготвува план за воспоставување на финансиското управување и контрола како и методологија за спроведување на планот кои ги одобрува раководителот на субјектот и сл.

Реализацијата на активностите се базира на Законот за сметководство и Правилникот за организација на сметководство за Буџетите и буџетските корисници. Трансверот на финансиските средства се евидентира одделно за средства од буџетот и средства од други извори.

Поради специфичноста на активностите на овој сектор, истиот има третман на логистичка поддршка во реализација на активностите во АПРЗ, но пред сé, овој сектор има и законска обврска за ажурност, точност, исправност во движењето и обработката на документацијата која успешно ја извршуваше. За истото потребно е постојано следење на новите законски прописи и потреби на АПРЗ, т.е. постојана надградба на капацитетите но и поддршка од вкупниот раководен касдар.

Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/90 и донесениот подзаконски акт за Финансиско управување и контрола, (Прирачник за финсиско управување и контрола), Агенцијата пристапи кон изработка и донесување на: План за воспоставување на финансиско управување и контрола, Стратегија за управување со ризик и Правилник за начинот на спроведување на внатрешна распределба на вкупен одобрен буџет. Неговата доследна примена зависи од поддршката на менаџментот.

Со имплемантација на стандардот за квалитет во јавната администрација ИСО 9001:2008 (во 2012, 2013 и 2014 год.) се воспостави основа за формализација на процесите, конкретизација на работни обврски и одговорности, како и видлива отчетност во работењето. Со неговото престанување на важност истиот предизвикува проблеми во примена на процедурите за евиденција, мониторинг и контрола на целокупниот проток на документацијата.

3.1.3 Сектор за правни и општи работи

Во текот на 2018 год. Секторот за правни и општи работи, иако сеуште без вработено правно лице, во целост ги реализираше зацртаните активности кои произлегуваат од Законските прописи и општите акти на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.
Во 2018 год. секторот согласно обврските работеше на делови од конкретни теми со динамика и квалитет согласно постоечките услови и тоа на:

- преземање на мерки од нормативната дејност (Правилници, Одлуки, известувања, извештаи, прегледи итн.);
- мерки од работното законодавство (Одлуки, решенија, наредби, известувања итн.);
- мерки од законските прописи за државните службеници (законот за административни службеници, законот за вработените во јавниот сектор и др. подзаконски акти).
- мерки од областа на облигационите односи (Договори, Одлуки и др.);
- мерки во делот на судски спорови (тужби, жалби, одговори на тужби, поднесоци и други активности од оваа област);

- изготвувања на разни прегледи, одговори по барања на разни државни институции и други органи;
- мерки од областа на имотните односи на АПРЗ (осигурување на недвижен и подвижен имот);
- активности околу работата на Управниот Одбор на АПРЗ (припреми на седници, изготвување на акти и сл.) и реализација на истите;
- спроведување на постапки за јавни набавки за потребите на АПРЗ;
- мерки за зголемување на административната и работната дисциплина кај вработените;
- вршење на разни општи работи во интерес на АПРЗ;
- извршување на законските прописи од областа на архивското и канцелариското работење (заведување на приемна пошта и распоредување на извршителите);
- ажурирање за архивирање на архивската граѓа;
- одржување на возниот парк во исправна состојба;
- одржување на хигиената во работните простории.

3.1.3.1 Извештај за работата на управниот одбор

Управниот одбор на АПРЗ во текот на 2018-та година одржа вкупно 5 седници на кои беа разгледани материјали од значење на работата на АПРЗ и тоа:

1. Првата седница беше одржана на ден 22.02.2018 година, на која беа разгледани материјали за кои се донесени и соодветни одлуки:
    - Усвојување на Записник од претходната седница
    - Донесување на Годишна пресметка на Агенцијата за 2017 година.
    - Извештај од Пописната комисија за 2017 година.
    - Годишен Извештај за работата на Агенцијата за 2017 година.
    - Стратегија за управување со ризикот во Агенцијата 2017-2019 год.
    - Регистар на ризици по стратегијата.
    - План за воспоставување и развој на финансиско управување и контрола.
    - Акциски план за спроведување на Годишниот план за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола за 2018 година.
    - Разгледување на предлог Статутот на АПРЗ.
    - Ефикасни дисперзирани канцеларии.
    - Учество во Проектни активности од страна на советниците на АПРЗ.
    - Формирање на Комисија за нови вработувања.
    - Разно.
2. Втората седница се одржа на ден 27.04.2018 година на која се разгледани материјали за кои се донесени и соодветни одлуки:
    - Усвојување на Записник од претходната седница
    - Разгледување на предлогот на Законот за советодавен систем во земјоделството.
    - Разгледување на Одлуката за раскинување на договорот за соработка со здружението за едукација на земјоделците Зелена берза.
    - Информација за Форумот на високо ниво на е- земјоделство „Заедно за силно дигитално земјоделство“.
    - Разно.
3. Третата седница беше одржана на ден 09.08.2018 година на која се разгледани материјали за кои се донесени и соодветни одлуки:
    - Усвојување на Записник од претходната седница.
    - Разгледување и исвојување на Предлог Стратешки план 2019-2021 година.
    - Разгледување и усвојување на Предлог Буџетот за 2019 година.
    - Извештај за спроведени активности во период за прво полугодие на 2018 година.
    - Финансиски извештај за прво полугодие од 2018 година.

- Информација за реализација на проектот ”Одржливо менаџирање на агро отпадот за загревање на руралните области- aGROWchain”.
- Информација за обележување на јубилеј на АПРЗ.
- Разно.

4. Четвртата седница на Управниот Одбор беше одржана на ден 09.11.2018 година на која се разгледани материјали за кои се донесени и соодветни одлуки:
    - Информација по повод одржување на Конференција по повод 20 години на АПРЗ и 50 години советодавни услуги.
    - Разно.
5. Петата седница беше одржана на ден 13.12.2018 година на која се разгледани материјали за кои се донесени соодветни одлуки:
    - Усвојување на Записник од претходната седница.
    - Усвојување на Годишната програма за работа на АПРЗ за 2019 година.
    - Усвојување на Финансиски план за работа на АПРЗ за 2019 година.
    - Донесување на Одлука за формирање на Пописна комисија (централна и 30 помошни).
    - Донесување на Одлука за Касов максимум.
    - Разно.

3.1.4 Одделение за управување со човеки ресурси

Во рамките на своите надлежности покрај другото, активностите на оделението беа насочени кон ефикасно и квалитетно исполнување на програмата за човечки ресурси како и програмата на АПРЗ и сите други обврски кои спаѓаат во делокругот на работа на АПРЗ со цел реализација на стратешките цели. Оделението за управување со човечки ресурси работеше на следниве активности:

- учествуваше во изготвување на поединечни акти (решенија) во согласност со Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работни односи а во соработка и координација со Секторот за Финансиски прашања и Директорот на институцијата;
- изработи и достави Годишен извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност од АПРЗ;
- објавување и спроведување на јавни огласи за вработување на работници;
- вршење на работи во врска со пријавување и одјавување на работници во надлежните органи;
- координирање и спроведување на целокупниот процес на оценување на вработените и го доставува Годишниот извештај со конечна ранг листа на оценки од вработените до МИОА;
- изготвување Годишен план за соодветна и правична застапеност до Секретиријатот за спроведуње на рамковниот договор;
- доставување на податоци за соодветна и правична застапеност на припадниците на зедниците и податоци за полова структура и степенот на образование до Народен правобранител;
- доставување на податоци за соодветна и правична застапеност до Агенција за остварување на Правата на заедниците;
- соработува со ФЗОМ за потребите на вработените во институцијата;
- доставување на анкетен прашалник за слободни работни места за секое тримесечје до Државен завод за статистика;
- планирање на нови работните места;

- грижа за воведување во работното место на нововработените во согласност со Законот за административни службеници и помагање на нововработените да се прилагодат на работната средина со цел да се интегрираат и идентификуваат со неа;
- водење на статистичка евиденција по основ на различни параметри од областа на човечките ресурси: етничка, полова, старосна, образовна структура на вработените
- координирање, документирање и одржување на личните досиеа на вработените;
- организирање, координирање и евидентирање на обуки за вработените на АПРЗ;
- изготвување на Годишна програма за обука за наредната година за вработените согласно проценката за потребите од обука;
- доставување на извештај за реализација на Годишната програма за обука до МИОА;
- спроведување на обуки на вработените;
- организирање на советувања, работилници, семинари итн.
- надградба на советодавните капацитети на вработените;
- грижа за почитување на работното време, начинот накористење на дневниот одмор (паузата), начинот на делегирањето на работните задачи, комуникација, однесувањето на административните службеници во текот на работата и следење на нивното исполнување;
- учество во креирањето на стратегиите и политиките за потребите на организацијата на начин што човечките ресурси се индетивикуваат и развиваат во насока на постигнување стратешките цели, грижа за развивање на асоцијативност помеѓу личните цели на поединецот и целиете на организацијата преку нивно вклучување во креирањето на политиките на организацијата;
- грижа за активно промовирање на култура на отворена комуникација и транспарентност во работењето, поттикнување на тимско работење, развивање на вештини за преговарање, комуникациски техники во области на ризик и управување со конфликт на интереси и одржување на социјални активности;
- изработотка на Годишен план за вработување и доставување на извештај за реализација на истиот;
- внесување на податоци во Информацискиот систем за управување со човечки ресурси и постојано ажурирање на истите.

Оделението за човечки ресурси континуирано активно учествува во работните состаноци со цел поголема ефективност и ефиксаност во процесот на раководењето и активното работење во АПРЗ.

3.2 Програма: Совети

Програмата е во функција на поддршка во креирање на современи совети кои при практична примена резултираат со:

- квалитетно и профитабилно земјоделско производство;
- зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, повисок стандард и квалитет на живеење;
- интеграција во ЕУ;
- развој на земјоделството и поддршка на руралниот развој;
- подобрување на квалитетот на образованието и знаењата на земјоделците.

Според анализата од следењето на месечните планови и извештаи на советодавците по специјалности, изготвен е преглед на извршените активности на советодавците како што следува подолу во табелата.

ПРЕГЛЕД
на извршени активности на советодавците за период од 01.01 до 31.12.2018 година

Реден број	Месец	Број на советодавци	Број на дадени информации			Број на дадени совети			Збирни совети и информации	Потрошено работно време-часа				Посети на терен	Изминати километри
			Терен	Канцеларија	Вкупно информации	Терен	Канцеларија	Вкупно совети		Терен	Канцеларија	Лично Усовршување	Останато		
1	**Јануари**	71	1.463	2.012	**3.475**	1.431	1.242	**2.673**	**6.148**	2.096	8.635	20	564	579	12.859
2	**Февруари**	71	1.059	2.086	**3.145**	1.496	1.432	**2.928**	**6.073**	1.939	9.049	36	328	630	10.041
3	**Март**	70	907	2.082	**2.989**	1.383	1.428	**2.811**	**5.800**	2.801	8.902	58	896	802	19.866
4	**Април**	70	1.149	1.628	**2.777**	1.513	1.418	**2.931**	**5.708**	2.101	7.527	50	1.000	627	12.021
5	**Мај**	70	1.005	1.699	**2.704**	1.350	1.271	**2.621**	**5.325**	1.963	6.675	34	2.228	567	11.543
6	**Јуни**	69	784	1.304	**2.088**	940	900	**1.840**	**3.928**	2.132	5.292	440	3.184	652	16.751
7	**Јули**	69	751	1.689	**2.440**	1.085	1.529	**2.614**	**5.054**	1.729	8.829	40	1.743	520	6.844
8	**Август**	69	765	1.522	**2.287**	1.001	1.021	**2.022**	**4.309**	1.344	7.366	158	2.892	453	8.267
9	**Септември**	67	680	1.801	**2.481**	964	1.044	**2.008**	**4.489**	2.113	6.817	496	1.622	664	17.162
10	**Октомври**	68	723	2.415	**3.138**	1.187	1.447	**2.634**	**5.772**	1.668	9.209	52	995	501	8.698
11	**Ноември**	68	733	2.013	**2.746**	1.091	1.369	**2.460**	**5.206**	1.604	8.996	48	1.490	481	12.897
12	**Декември**	69	732	1.740	**2.472**	1.075	1.163	**2.238**	**4.710**	2.702	8.215	83	600	725	17.958
Вкупно за 12 м.			**10.751**	**21.991**	**32.742**	**14.516**	**15.264**	**29.780**	**62.522**	**24.192**	**95.512**	**1.515**	**17.542**	**7.201**	**154.907**
Просек за 1 м.		**69,25**	**1.792**	**3.665**	**5.457**	**2.419**	**2.544**	**4.963**	**10.420**	**2.016**	**7.959**	**1.262**	**1.461**	**636**	**12.909**
по советодавец			25	52	77	34	36	70	147	28	112	17	20	9	182

3.2.1 ТЕРЕНСКИ АКТИВНОСТИ - Едукативно-информативни средби со земјоделски производители во руралните подрачја

Согласно Годишната програма за работа, АПРЗ својот потенцијал и човечки ресурси ги насочи кон трансфер на информации и обуки на земјоделците и организира редовни дирекни средби во руралните средини. Овие средби се со цел информирање на земјоделците и давање на навремени бесплатни стручни совети за актуелни теми кои ќе го подобрат квантитетот и квалитетот на нивното работење, со цел унапредување на земјоделството што е и основна мисија на АПРЗ.

Во 2018 година АПРЗ реализираше **7.201 средби** директно во руралните средини со присуство на вкупно **22.181 земјоделски производители**. Испорачаната советодавна услуга во вид на бесплатни стручни совети се однесуваа на теми како од растителното, така и од сточарското производство.

За сите одржани средби постојат записи од реализација како листа на присутни, информација за секоја средба и фотодокументација.

На овие средби покрај стручни теми од областа на земјоделското производство вклучени се теми за промоција и публицитет согласно задолженијата од Владата на Република Северна Македонија и програмите од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство како што се:

- Форми и можности за регистрирање на земјоделците
- Предности на осигурување во земјоделското производство
- Оданочување на индивидуалните земјоделци
- Можности за користење на земјоделско земјиште под концесија
- Консолидација на земјоделско земјиште
- Проценка на капацитети на земјоделски стопанства и проценка за аплицирање по соодветна програма
- Оптимално искористување на водните ресурси - систем капка по капка
- Програма за финансиска поддршка во руралниот развој
- ИПАРД Програма
- Можности за легализација на објекти за земјоделска намена
- Правилна употреба на пестицидите
- Правилна употреба на минералните ѓубриња

Согледувања и констатации од извршени анализи за теренски активности

Согласно извршените анализи за теренската работа на АПРЗ во 2018 година констатирано е следното:

- АПРЗ во 2018 година реализираше **7.201 посети на терен**, што се должи на подобрениот менаџмент во однос на организација, координирање, следење и контрола на зададените задачи и задолженија; поголемата посветеност на вработените; подобрување на навременоста во исплатата на теренските трошоци.
- Планираните посети беа извршени со успешност од 90% или од планираните 8.031 средби, извршени се 7.201. Тенденција е во наредната година да се задржи трендот на успешноста на реализацијата наспроти планираните активности.
- Во реализацијата на посетата на терен беше дадена бесплатна советодавна услуга на вкупно **22.181 ЗС**.


- Просечниот број на ЗС по средба изнесува 3,08 што се движи во рамките на просекот од претходните години. Исто така треба да се напомене дека овој просек се должи и на активноста за посета на ЗС по однос на ФАДН каде што како теренска активност советодавецот посетува едно ЗС од кое прибира податоци за потребите на активноста. Тенденција е во иднина овој просек да се зголеми преку користењење на систем за известување на ЗС преку СМС пораки.
- Успешноста на реализацијата на теренските активности исто така е директно условена и од расположивите човечки ресурси во АПРЗ. Имено, годината ја започнавме со 71 теренски советодавци, а ја завршивме со 69. Тоа се должи на фактот што во 2018 година во АПРЗ во пензија заминаа 2 советодавци. Сеуште моменталниот број на теренски советодавци не кореспондира со бројот на ЗС во Република Северна Македонија на кои АПРЗ цели како таргет групи за кои се обезбедуваат советодавните услуги. Одливот на вработени по однос на пензионирање продолжува, а се прави напор за нивното пополнување со нови вработувања. Трендот на вработување на исклучиво стручни теренски советодавци ќе продолжи и во 2019 год. доколку се обезбеди согласност за средства од Министерство за финансии. Со новите вработувања (на определено време) се подобрува возрасната структура која изнесува во **просек 42 години**, за разлика од 2015 год. кога изнесуваше 49,11 години старост.
- Обезбедувањето на превоз до руралните средини за извршување на теренски активности е исто така еден од круцијалните предуслови за успешно спроведување на активностите на советодавците на терен. Поголемиот број советодавци имаат склучено договор за користење на сопствено возило за теренски активности. Како можно решение за обезбедување на советодавците со возила е и овозможување на набавка на нови возила на лизинг преку постоечкиот фондот за возила на АПРЗ за чие користење е потребна согласност од Владара на РСМ.
- Ефективноста и ефикасноста на теренските активности исто така е условена и од системот за мониторинг и контрола на работењето. Покрај воспоставените методи на административно следење преку прибирање на средства за верификација, се спроведуваат контроли на лице место на терен од страна на менаџментот.
- Навремената и целосна реализација на Годишниот план за работа на АПРЗ вклучително и спроведувањето на теренските активности во голема мера зависи и од навременото и систематско делегирање на мандатираните „ad hock“ задолженија од страна на институциите а претежно од МЗШВ кои доаѓаат преку Владата на РСМ. Таквите активности не се проследени со соодветен буџет и истите како приоритет се спроведуваат со сопствени средства од буџетот на АПРЗ. Во иднина потребна е правна формализација со надлежните институции со цел регулирање на меѓусебните права, обврски, надлежности, како и обезбедување на стабилна финансиска рамка.

Во прилог следува Преглед на реализирани теренски активности во 2018 год.:


Преглед на планирани и реализирани теренски посети по советодавец за 2018 година - вкупно								
РО	РЕ	Вработен	Работно место	Планирани посети за 2018	Реализирани посети за 2018	Реализирано во %	Број на присутни	Просек присутни по средба
Битола	Битола	Зоран Бардакоски	Раководител на РО	124	64	52%	364	5,69
		Петар Трајковски	Самостоен референт - сточарство	136	135	99%	259	1,92
	Ресен	Ѓоран Стефановски	Советник - растително - лозарство и овоштарство	128	101	79%	219	2,17
		Ана Вељановска	Советник - растително - општ	122	108	89%	208	1,93
	Охрид	Билјана Ѓорческа	Советник - поледелство	112	87	78%	299	3,44
		Соња Миленковска	Соработник - сточарство	114	90	79%	310	3,44
	Струга	Слаѓана Калајциеска Бебекоска	Советник - поледелство	118	118	100%	500	4,24
		Ламбе Куциноски	Виш соработник - лозаро и овоштарство	118	117	99%	494	4,22
	Д. Хисар	Љубе Талевски	Советник - поледелство	140	134	96%	485	3,62
		Методија Шутевски	Виш соработник - лозарство и овоштарство	135	132	98%	474	3,59
		Мирјана Милинг	Советник - сточарство	135	141	104%	249	1,77
	Прилеп	Ѓоранчо Томевски	Советник - растително производство	175	179	102%	745	4,16
		Марјан Димоски	Виш соработник - поледелство	117	111	95%	403	3,63
	Крушево	Михајло Николоски	Виш соработник - сточарство	120	106	88%	353	3,33
		Авни Амеди	Виш соработник - поледелство	120	106	88%	376	3,55
	Вкупно	**15**		**1914**	**1729**	**90%**	**5738**	**3,32**
Скопје	Скопје	Милка Коштревска	Раководител на РО	99	71	72%	198	2,79
		Владимир Георгиев	Виш соработник - растително производство	88	78	89%	251	3,22
		Валентина Јанкоска	Советник - агроекономија	85	57	67%	139	2,44
		Зорица Јанкуловска Мицковска	Помлад соработник - растително производство	94	77	82%	203	2,64
		Игор Трајковски	Помлад соработник - агроекономија	86	62	72%	186	3,00
	Неготино	Ѓорѓи Ајтов	Советник за организација	114	109	96%	280	2,57
		Ѓоко Данаилов	Советник за сточарство	83	95	114%	183	1,93
	Велес	Тони Тасков	Советник - сточарство	120	110	92%	269	2,45
		Стефан Ечев	Виш соработнник - лозарство и овоштарство	114	85	75%	258	3,04
		Игор Пљаков	Помлад соработник - сточарство	120	100	83%	274	2,74
	Кавадарци	Драганчо Николов	Советник - растително производство	146	107	73%	399	3,73
		Божанка Кузманова	Самостоен референт - поледелство	20	20	100%	72	3,60
		Паско Атанасов	Помлад соработник- сточарство	120	74	62%	160	2,16
	Вкупно	**13**		**1289**	**1045**	**81%**	**2872**	**2,75**
Тетово	Тетово	Петре Петрески	Раководител на РО	120	91	76%	285	3,13
		Петре Атанасоски	Советник - сточарство	124	106	85%	301	2,84
		Бранко Карапеовски	Советник - поледелство	123	90	73%	285	3,17
		Александар Ристоски	Соработник - лозарство и овоштарство	120	91	76%	247	2,71
	Кичево	Лупче Данилоски	Соработник за лозарство и овоштарство	122	96	79%	234	2,44
	Гостивар	Јелица Бешлиќ	Советник за организација	120	112	93%	398	3,55
		Ранкица Божиноска	Советник за поледелство	120	112	93%	392	3,50
		Слободан Серафимовски	Советник за сточарство	121	103	85%	382	3,71
	Дебар	Шефко Јусуф	Советник - сточарство	124	90	73%	370	4,11
	М. Брод	Левко Смилески	Соработник за сточарство	61	45	74%	97	2,16
	Вкупно	**10**		**1155**	**936**	**81%**	**2991**	**3,20**
Штип	Штип	Ристо Огнанов	Раководител на РО	63	57	90%	174	3,05
		Илчо Маролов	Советник - сточарство	118	112	95%	296	2,64
		Јасминка Коцева	Самостоен референт - агроекономија	81	86	106%	174	2,02
		Мите Николовски	Виш соработник - лозарство и овоштарство	79	82	104%	187	2,28
	Делчево	Стојне Стојанов	Виш соработник - поледелство	105	82	78%	244	2,98
		Нецбедин Мемедов	Виш соработник - лозарство и овоштарство	113	94	83%	257	2,73
		Лилјана Струкова	Виш соработник - лозарство и овоштарство	100	86	86%	268	3,12
	Кочани	Владимир Медарски	Советник за организација	119	119	100%	298	2,50
		Валентин Захариев	Виш соработник за поледелство	135	135	100%	354	2,62
		Тина Петрова	Помлад соработник за земјоделство и рурален развој - сточарство	82	82	100%	202	2,46
	Берово	Славчо Литајковски	Самостоен референт за сточарство	135	117	87%	471	4,03
		Ѓорѓи Теохаров	Советник за поледелство	136	120	88%	507	4,23
	Пробиштип	Тоде Ангелов	Советник за организација	184	178	97%	448	2,52
		Орце Стоилев	Самостоен референт за сточарство	176	176	100%	456	2,59
	Виница	Розета Зафирова	Советник за организација	73	73	100%	465	6,37
		Ванчо Захариев	Виш соработник за поледелство	65	65	100%	467	7,18
	Вкупно	**16**		**1764**	**1664**	**94%**	**5268**	**3,17**
Струмица	Струмица	Стојан Глигоров	Советник - лозаро-овоштарство и ВД раководител на РО	123	136	111%	278	2,04
		Катерина Колева	Виш соработник - лозарство и овоштарство	121	117	97%	287	2,45
		Ѓорги Крмзов	Виш соработник - сточарство	119	92	77%	217	2,36
		Звезда Ричлиева	Виш соработник - градинарство	119	123	103%	263	2,14
		Танкица Смиланова	Помлад соработник - градинарство и цвеќарство	18	18	100%	51	2,83
	Радовиш	Дане Вучков	Соработник - сточарство	147	132	90%	509	3,86
	Валандово	Ацо Пејовски	Советник - лозарство и овоштарство	143	145	101%	262	1,81
	Гевгелија	Тони Мушанов	Советник за организација	126	130	103%	442	3,40
		Савка Маркудова	Советник за поледелство	112	122	109%	606	4,97
		Борис Манолев	Советник за земјоделство и рурален развој - растително производство	129	132	102%	361	2,73
	Вкупно	**10**		**1157**	**1147**	**99%**	**3276**	**2,86**
Куманово	Куманово	Џабир Рамадани	Виш соработник - поледелство	124	120	97%	357	2,98
		Томе Цветковиќ	Виш соработник - поледелство	108	107	99%	450	4,21
		Фросина Наковска	Помлад соработник - сточарство	93	90	97%	389	4,32
	Кратово	Момчило Мијалков	Самостоен референт - поледелство	127	89	70%	143	1,61
	К. Паланка	Влатко Ристовски	Помлад соработник - агроекономија	69	53	77%	157	2,96
	Св. Николе	Јорданче Петков	Советник - растително - механизација	119	114	96%	207	1,82
		Марјан Станојковски	Советник - поледелство	112	107	96%	333	3,11
	Вкупно	**7**		**752**	**680**	**90%**	**2036**	**2,99**
6	**30**	**71**		**8031**	**7201**	**90%**	**22181**	**3,08**


Почетна состојба јануари: 71	**Крајна состојба декември: 69**
	2 во пензија:
	1 од 23 јуни Божанка Кузмановска
	1 од 05 септември Левко Смилевски

Графички приказ на реализирани посети на терен на советодавците по региони:




Одделение за регион - Штип
Планирани посети за 2018
Реализирани посети за 2018
200
180
160
140
120
100
80
60
40
20
0
Ристо Огнанов
Илчо Маролов
Јасминка Коцева
Мите Николовски
Стојне Стојанов
Нецбедин Мемедов
Лилјана Струкова
Владимир Медарски
Валентин Захариев
Тина Петрова
Славчо Литајковски
Ѓорѓи Теохаров
Тоде Ангелов
Орце Стоилев
Розета Зафирова
Ванчо Захариев


Одделение за регион - Струмица
Планирани посети за 2018
Реализирани посети за 2018
160
140
120
100
80
60
40
20
0
Стојан Глигоров
Катерина Колева
Ѓорги Крмзов
Звезда Ричлиева
Танкица Смиланова
Дане Вучков
Аџо Пејовски
Тони Мушанов
Савка Маркудова
Борис Манолев


Одделение за регион - Куманово
Планирани посети за 2018
Реализирани посети за 2018
140
120
100
80
60
40
20
0
Џабир Рамадани
Томе Цветковиќ
Фросина Наковска
Момчило Мијалков
Влатко Ристовски
Јорданче Петков
Марјан Станојковски

3.2.2 Едукација на ЗС кои не ги исполнуваат минималните услови за ДЗП и ЗЖС

Согласно заклучок на ВРСМ, АПРЗ веќе 5та година по ред беше задолжена да изврши едукација на ЗС за примена на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина, кај кои е утврдено неисполнување на истите, по претходно доставен список на од страна на АФПЗРР. Соглсно доставениот список на 120 ЗС од АФПЗРР, секторот за земјоделство и рурален развој при АПРЗ пристапи кон реализација со подготовка на листа на ЗС со контакти и адреси и им испрати задолжение на советодавците поделени во 22 работни единици.

За успешно реализирање на оваа активност на советодавците им беше доставен Правилникот за листата на посебни минимални услови за ДЗП и ЗЖС, како и Изјава за извршена едукација што се пополнува и потпишува од страна на ЗС и советодавецот во два примерока од кој едниот останува кај ЗС, а која Изјава служи како доказ и средство за верификација за одржаната едукација.

Како резултат на оваа обврска советодавците на АПРЗ од доставените 120 ЗС извршија едукација на вкупно 109 ЗС. Останатите 11 ЗС од списокот дел се отселени, дел не постои такво ЗС на посочената адреса, а дел одбија да бидат обучени.

АПРЗ и понатаму продолжува со обезбедување на оваа услуга која претставува дел од редовните активности нотирани во Годишната програма за работа на АПРЗ.



3.2.3 Учество на АПРЗ во активности организирани од меѓународни проекти

3.2.3.1 Проект „Воведување на националната програма за консолидација на земјиште (MINLAND)“

АПРЗ учествува во проектот „Воведување на националната програма за консолидација на земјиште (MINLAND)“, кој се спроведува во рамките на

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), финансиран од Европската Унија, а го спроведува Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите Нации (ФАО). АПРЗ учествува со номиниран член во Управувачкиот комитет на проектот, како и со член во Техничката работна група.

Проектот финансиран од ЕУ е во вредност од 2,5 милиони евра и се очекува да трае 3,5 години. Проектот ќе ја поддржи консолидацијата на земјоделско земјиште, процес на групирање на парцелите со цел нивно окрупнување, оптимизирање на земјоделските имоти и воспоставување на неопходната инфрастуктура (патишта, системи за наводнување, итн.).

Главните корисници на проектот се малите земјоделци, а главни партнери се МЗШВ, Агенцијата за катастар и недвижности, АПРЗ, единиците на локална самоуправа, како и организациите кои ги претставуваат сопствениците на земјоделското земјиште и неговите корисници.

АПРЗ беше активно вклучена во спроведување на предвидените активности во постапката за селекција на подрачја за спроведување на консолидација на земјоделско земјиште. За таа цел беа одржани обуки за селекција на консолидациони подрачја како и за користење на материјалите предвидени за таа активност. Од АПРЗ беше побарано да се назначи по еден вработен од секоја РЕ каде е предвидено да се изврши консолидација, кој воедно ќе биде одговорен за поддршка на активностите во соодветното подрачје во текот на целиот период на имплементација на овој проект. Во 2019 година се очекува да продолжат активностите за консолидација на земјоделско земјиште согласно предвидената динамика на проектот.

3.2.4 Информирање и односи со јавноста

Програмата и Оперативниот план за односи со јавност и медиуми се заснова врз реализација на активностите предвидени во Стратегијата за информирање и односи со јавност и медиуми на АПРЗ.

Главна цел

Континуирано и навремено информирање на земјоделските производители, сите релевантни чинители од областа на земјоделството, но и пошироката јавност со информации од областа на земјоделското производство, производството на храна и руралниот развој, како и информации за активностите и работењето на АПРЗ и обезбедување на информации кои имаат третман на јавен карактер.

3.2.4.1 „Односи со јавноста и медиуми“

Во текот на 2018 година во областа на информирањето и комуникацијата со медиумите беа спроведени повеќе активности, како интенција на АПРЗ за транспарентност во нејзината работа и како можност за информирање на земјоделските производители за технологии за производство, совети и соопштенија, како и актуелности од областа на земјоделството.

Имено, евидентна беше соработката со повеќе локални и национални електронски и печатени медиуми, каде на редовна основа е воспоставена соработка при што беа припремени и реализирани повеќе соопштенија, изјави, интервјуа и сл. за актуелности од областа на земјоделското производство, но и за активностите кои АПРЗ ги спроведува, но исто така забележително е учеството на Директорот и одделни советници од АПРЗ во емисии за земјоделство на националните и

локалните телевизии, а исто така се изработени и реализирани повеќе прилози за печатени медиуми.

Голем акцент беше даден и на информирање на земјоделците за можностите за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, како и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Притоа, со помош на медиумите, со организирање на средби со групи земјоделци, но и при поединечни средби со земјоделски производители, се вршеше интензивно информирање на земјоделските производители за програмите за поддршка од страна на Владата на Р. Македонија, односно начинот и роковите за аплицирање.

Во текот на 2018 година се работеше и на активности во насока за навремено ажурирање на ВЕБ страната на АПРЗ, дополнување со нови содржини, конкретни совети по специјалности, информации за активности во реализација на АПРЗ, препораки, актуелности и сл.

Како резултат на воспоставената и редовна соработка со земјоделските здруженија и организации во Р. Македонија, советниците од АПРЗ редовно доставуваат прилози на стручни теми и актуелности од областа на земјоделското производство, кои се објавуваат во електронски и печатени медиуми во издание на наведените организации.

Исто така, изработен е и доставен извештај до Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, со оглед на тоа што тоа е законска обврска, а АПРЗ е имател на информации од јавен карактер.

Редовна е соработката со МИА, ТВ Сител, МТВ, Македонското радио, Канал 5 ТВ, ТВ Телма, ТВ Алфа, локалните ТВ Тера, ТВ Ирис, локалните медиуми во Велес, Штип, Струга, Охрид, Куманово, Прилеп, Струмица, како и други локални медиуми во Републиката. Во врска со овие активности на регионално ниво, образложено е во поединечните извештаи од Регионалните центри.

Исто така се редовно функционира и интерното информирање во АПРЗ, благодарение на Интернет сервисот, пришто најчесто е користена електронската пошта како набрз и најефикасен начин за размена на информации.

При реализација на вој вид на активности, се опфаќаат голем број на стручни тематски подрачја, теми кои се по барање и од интерес за земјоделските стопанства, но исто така беа опфатени теми и актуелности за осигурување во земјоделството, кредитирање, реализација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој, а особено внимание е посветено на афирмацијата на ИПАРД програмата и афирмацијата и значењето на Добрата земјоделска пракса.

3.2.4.2 „Виртуелен центар за советодавни служби“

АПРЗ започна со надградба на сопствената ВЕБ страна www.agencija.gov.mk, со што истата прераснува во корисна веб-страница која содржи пишани и видеоматеријали за едукација и информирање на земјоделците за технологијата на производство (подготовка на земјата, примена на агротехнички мерки, заштита на производството), активности кои се спроведуваат по бербата, маркетинг и пласман на земјоделски производи. Покрај агротехнолошките совети, страницата обезбедува и информации за земјоделците во врска со цените на земјоделските производи, најнови вести, временска прогноза и други, кои се од полза за земјоделците. Виртуелниот центар за советодавни услуги, односно веб страницата се организира и одржува од страна на АПРЗ.

Надградбата на ВЕБ страната е процес кој ќе се одвива во континуитет и во наредниот период.

Имено, во континуитет графички се редизајнира слајдерот на врвот на почетната страна, заради поголема атрактивност на почетната страна и посликовит приказ на различни сегменти од земјоделството во Република Северна Македонија, во зависност од сезоната и актуелностите во земјоделството.

Во континуитет се надградува и се збогатува содржината во подменито Галерија, каде со соодветни записи се поставуваат и документираат активностите кои се реализираат на терен, и тоа на советодавците од АПРЗ, земјоделските производители, заеднички средби, трибини, едукативни активности, проекти, саеми и сл.

Редовно се ажурира подменито Советодавци каде е достапна листа на советодавци од АПРЗ по специјалности која содржи име и презиме на советодавецот, регионален центар, работна единица, специјалност и контакт телефон, во насока на подобар пристап на корисниците на советодавни услуги – земјоделските стопанства во Република Северна Македонија, но и другите заинтересирани страни.

Во континуитет се надградува со нови контакти и содржини делот каде се поставени илустрирани линкови до веб страници на добавувачи на земјоделска механизација, репроматеријали и други компании од Република Северна Македонија кои функционираат во областа на земјоделствот, а до кој води банер со Корисни линкови.

Редовно се обновуваат и ажурираат податоците за активности во растително производство – поледелство, градинарство, лозарство, овоштарство; сточарско производство – говедарство, овчарство, козарство, свињарство, живинарство и пчеларство во делот каде е поставен банер Земјоделски календар кој води до сликовити линкови со корисни информации за земјоделците кои се однесуваат на тековните земјоделски активности за одреден временски период од годината.

Функционира банерот со линк кој води до Национална листа на одобрени производи и активни супстанции за запознавање на земјоделските производители со листата на одобрени производи за заштита на растенијата во Република Северна Македонија и листата на активни супстанции одобрени за употреба во производите за заштита на растенијата во Република Северна Македонија.

Банерот Временска прогноза на кој директно се гледа тридневна временска прогноза за градовите во Република Северна Македонија, а со линк е поврзан до веб страна каде се обезбедени корисни информации и за сите градови во Република Северна Македонија, вклучително и брзина на ветар, влажност на воздухот, видливост, точка на роса и др., и тоа за наредните пет и десет денови, исто така продолжува да функционира со редовно ажурирани најнови информации.

Редовно се поставуваат нови материјали во делот со пишани советодавни материјали од разни специјалности во земјоделството, во .pdf формат кои можат да се преземат во секое време, а имаат содржини актуелни и корисни за земјоделските производители во Република Северна Македонија, а до кој води линк преку поставениот банер Публикации и брошури.

Редовно се обновува и дополнува и Контакт листата на регионални одделенија со надлежни лица и контакти по работни единици (телефонски број и e-mail адреса) кои на земјоделските стопанства и на другите корисници на средства од ИПАРД програмата можат да им обезбедат бесплатна поддршка при

аплицирање за користење на средства од оваа програма и помош при изработка на деловни планови и технички предлог проекти, а до која води линк со банер Поддршка за ИПАРД програми.

Со нови прашања функционира и Анкетата за мерење на задоволството на корисниците и нивното мислење за одделни проблематики.

Се ажурира Менито со соодветни подменија каде се обезбедени Совети по специјалности во .pdf формат, дефинирани по специјалности на едноставен начин достапен на корисниците. Дополнително, сите совети може во секое време да се преземаат од страна на корисниците.

Делот Македонски ФАДН ја содржи законската регулатива за воспоставување на мрежата на сметководствени податоци за земјоделски стопанства.

Делот Владини програми кој ги содржи програмите и другите корисни информации за реализација на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој и ИПАРД програмата, но и други актуелни владини програми и проекти, редовно се ажурира со објавувањето на новите Програми.

Се ажурира и делот од ова мени каде се поставени законските регулативи од областа на земјоделското производство и производството на храна во Република Северна Македонија кои го тангираат македонскиот земјоделец и земјоделското производство.

Во продолжение соодветно се поставуваат банери со линкови до други релевантни институции и организации.

Редовно се обновува и содржината на двете подвижни ленти кои содржат информации – првата лента за просечни пазарни цени на земјоделски проиводи за одреден период, и втората лента за актуелности, вести, информации, јавни повици по програми, и сл.

Изработена е базата со пазарни цени на земјоделски производи на пазарите на мало и големо во Република Северна Македонија.

Поставен е Банер со линк кој води до нова страница која содржи илустрирани линкови и содржини за **Заштита на земјоделските култури** и тоа засебно за заштита на поледелски култури, заштита на лозаро овоштарските култури и заштита на градинарските култури, каде на едноставен начин е прикажана заштитата и тоа по фази на развој на растенијата, болести и штетници со препарати за заштита.

Воспоставен е **YOU TUBE канал** на АПРЗ со поставена икона на ВЕБ страната која води до линк каде се поставени видеа со активности на АПРЗ и корисни информации и совети за земјоделските производители.

Воспоставено е поврзување на ВЕБ страната на АПРЗ со најактуелните социјални мрежи како **Facebook**, при што сите поставени содржини на ВЕБ страната автоматски се постираат и на социјалните мрежи со што се добива многу поголем број на корисници на поставените содржини.

Се изработува и **календар за употреба на ѓубрива во растителното производство** и тоа основно ѓубрење и прихрана, на истиот принцип како веќе поставените календари, при што земјоделските производители ќе имаат можност да добијат информации за вид и состав на ѓубрива, по култура, со количина и период на апликација согласно потребите.

Технологијата на изработка на веб страната овозможува комплетна и континуирана надградба со нови модули, менија, подменија кои овозможуваат

целосно следење на современите текови во земјоделското производство во насока на навремени и квалитетни информации за чинителите во агрокомплексот, примарно земјоделските производители.

За пристап до содржините на ВЕБ страната не е потребно регистрирање и секој посетител може да пристапи до било која од објавените содржини.

3.2.4.3 „СМС комуникација и информирање“

Една од основните цели на АПРЗ е поттикнување на развојот на земјоделството, а со тоа и максимална поддршка во равојот на фамерите со кои истата има перманентна соработка. Активностите кои ги спроведува АПРЗ се од различна природа, а пред сé консултантска. Во таа насока, информирањето за одржување на најразлични едукативни средби и трибини е еден дел од спектарот на активностите кои се од организациски карактер. Особено од голема важност е ефективноста и ефикасноста на процесот на информирање, во кој спаѓа и информирањето од превентивна природа кое најчесто е од масовен карактер. Последното е мотив за автоматизација на активноста на информирање преку реализација на Web базирано решение за управување со масовно испраќање на SMS пораки до еден или повеќе фармери со кои спработува АПРЗ. Во согласност со споменатите потреби, се овозможува постојана, стабилна, едноставна и брза комуникација помеѓу советниците и фармерите со кои соработуваат, а тоа ќе резултира со подобрување и унапредување на квалитетот на услугите кои ги обезбедува АПРЗ. Покрај постојаната достапност, овој начин на комуникација се карактеризира со:

- брзина
- сигурност
- едноставност
- ефикасност
- практичност

Во насока на навремено информирање, известување и комуникација со земјоделските производители, АПРЗ воведе систем за информирање на земјоделците преку СМС пораки, каде на редовна основа се информираат земјоделците во Република Северна Македонија за актуелности, новитети, информации, средби и сл.

Преку тендерска постапка во склучен е договор со економскиот оператор „Akton Communication“ од Скопје, при што преку корисничкиот портал Актон СМС кој го користат реномирани институции во Република Северна Македонија со иста намена и кој редовно се надградува со нови верзии од страна на оперстотрот, АПРЗ испраќа СМС пораки до групи земјоделци, со можност според потребите да се дефинираат во системот: по регион, по дејност, по општина, по место/локација и др., со содржини наменети за посебни таргет корисници. Системот е тестиран и функционален.

Во текот на 2018 година на овој начин се органзирани голем број на средби и трибини со земјоделски производители, доставени се информации на програми, агротехнички мерки и сл., за што постои статистика во самиот систем.

Во моментов АПРЗ располага со податоци за околу 2.340 земјоделски стопанства добиени преку советодавците на АПРЗ врз основа соработка со земјоделци. Овие податоци се добиваат на доброволна основа, со цел нивно навремено информирање преку наведениот систем. Во понатамошниот период АПРЗ ќе ги надополнува податоците во системот преку сопствените ресурси –

советодавците кои извршуваат теренски советодавни услуги, се разбира обезбедени на доброволна основа, со цел информирање.

3.2.5 Обука за стратешко планирање

Генералниот секретаријат на Владата на РСМ - Секторот за стратегија, планирање и следење и оваа година продолжи со организирање на еднодневни обуки од областа на стратешкото планирање. На 30.11.2018 година во Клубот на пратениците во Скопје се одржа обука за новините во процесот на стратешко планирање. Целна група на овие обуки се вработени од министерствата, агенциите и другите органи на државната управа. Цел на обуката беше да се презентираат новините во правната рамка на процесот за стратешко планирање. Беше преставено новото „Упатство за начинот за постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и Годишниот план за работа“, како и новото „Упатство за начинот за постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот план и Годишниот план за работа“, според кои упатства ќе треба да се постапува во иднина.

3.2.6 Поддршка

Во АПРЗ се спроведуваат и програмски мерки од поширок интерес на државата кои произлегуваат од политиките на МЗШВ.

Основни активности:

- Спроведување на Владини мерки од Програмата (финансиска и техничка поддршка за развој на одделни гранки во сточарство, пчеларство, поледелство, лозаро – овоштарство, градинарство и други општи мерки),
- Изработка на податковен извештај како прилог на Годишниот земјоделски извештај;
- Советодавна поддршка за имплементација на политиките за рурален развој;
- Информативни кампањи за искористување на претпристапните фондови на ЕУ – ИПАРД,

Реализацијата на активностите од оваа програма се споведуваа со различен интензитет и обем во зависност од институционалната поддршка и обезбеденоста на финансиски ресурси.

3.2.6.1 Учество во реализација на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој

Реализација

Во текот на 2018 година беа објавени 10 (десет) јавни повици по Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој во која советниците од АПРЗ имаа можност да дадат бесплатна помош кон барателите - земјоделците за следните мерки:

Мерка 121.1 и 121.2 Подигање на нови овошни и лозови насади и набавка на добиток (два повици)
Мерка 121.4 Набавка на систем за наводнување капка по капка, конструкција на бунари и други зафати на површинска вода

Мерка 112 Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност
Мерка 213 Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики
Мерка 2 Субвенционирање на каматна стапка (рокот за барања е продолжен во 2019)

Од страна на советодавците кои работеа на пополнување на е-барањето и подготовка на деловениот план собрани се следните информации за процесот и проблемите при реализирањето.

Резултати

- зголемен е бројот на баратели за разлика од 2017 затоа што повторно беа објавени неколку поиздржани мерки за финансиска поддршка на земјоделците и тоа: мерка 112, мерка 121 и мерка 121.4.
- во процесот на информирање и помош на земјоделците при поднесувањето на барање АПРЗ го даде следниот придонес:
  - за барателите беа обезбедени бесплатни совети/информации/услуги,
  - помош при пополнување на е-барањата во работните единици, заради тоа што во други институции оваа услуга не постои,
  - обезбедена помош во изработка на вкупно **965 деловни планови** по 6 јавни повици во 2018 година.
  - посета на населни рурални места каде се организираа информативни средби за запознавање со Програмата за рурален развој.

Констатирани проблеми од теренот и недостатоци во програмата

- повторно имаше пропусти во Упатството за корисници (не беа јасно прецизирани одредени делови, недостигаа клучни информации за повеќе од мерките, вонредно беа објавувани дополненија на јавните повици),
- системот е-барање често не беше во функција во текот на повиците,
- барателите по мерката 121.3 Подигање на нови овошни и лозови насади и набавка на добиток, имаа забелешки околу функционирањето на е-барањето,
- одреден број на баратели по мерката 213 Помош за зачувување на руралните предели и нивните традиционални карактеристики не можеа да остварат повраток на средства како плата за вработен овчар заради тоа што одгледувалиштата не им беа регистрирани во населено место со надморска висина поголема од 700 метри,
- некои земјоделци не добиле повраток на средствата за инвестицијата од претходните 2 години и затоа не можеа да конкурираат во 2018 година,
- дел од земјоделците го немаа регулирано надоместокот за пасишта и водниот надоместок па затоа не можеа да конкурираат,
- Поради ажурирање на софтверот во МЗШВ, системот за е-барање повеќе од два месеци делумно беше вон употреба што ја отежна постапката за поднесување на барања по одделни мерки.

Согледувања:

- националниот координатор во АПРЗ, преку меѓусебната комуникација со претставници од АФПЗРР значително го подобри информирањето на советодавците по РЕ за разрешување на одредени проблеми при реализацијата на програмата,

- комуникацијата и координацијата меѓу АПРЗ и ПЕ при МЗШВ бележи незначителен напредок, а во иднина треба да се подобри,
- земјоделците/потенцијални корисници на програмата навремено и целосно беа услужувани со информации и бесплатна помош при пополнување на е-барањето и подготовката на деловениот план од страна на советодавците,
- постигната беше редовна и целосна размена на информации меѓу учесниците во процесот,
- редовно се евидентираа сите податоци во процесот на аплицирање како, број на баратели кои побараа помош и поддршка: по региони, градови и села, по мерка, број на подготвени апликации како и број на организирани обуки по населени места.

Предлози за иднина:

- За подобра меѓусебна и редовна комуникација помеѓу АПРЗ, АФПЗРР и МЗШВ потребно е правно да се регулира соработката со што ќе бидат дефинирани начините на координација за спроведување на Програмата.
- Во насока на поефикасна реализација на Програмата, се наметнува потребата од овозможување навремена и усогласена имплементирачка финансиска конструкција кон АПРЗ од страна на МЗШВ и АФПЗРР.
- Детално и навремено информирање од страна на АФПЗРР и МЗШВ за промените во мерките од Програмата.
- Медиумската кампања потребно е да започне најмалку еден месец пред објавата на повикот со детално објаснување на секоја од мерките.
- Банките да продолжат со поволни кредитните линии за поддршка на земјоделците/баратели,
- Агенцијата за вработување да ја продолжи програма за добивање на неповратни средства за започнување на сопствен бизнис.

3.2.6.2 Учество во реализација на ИПАРД Програмата

Активности

Јавните повици 01 и 02 (објавени во декември 2018 со краен рок до февруари 2019) навремено беа истакнати на огласните табли во сите регионални одделенија, работни единици и дисперзирани канцеларии. АПРЗ продолжи со информирањето на земјоделците за подобра искористеност на средствата и преку директно учество на нејзини претставници во електронски и печатени медиуми.

Инфо денови организирани во соработка со Секторот за управување со ИПАРД

Според акциониот план за комуникација и публицитет за 2018 година, во рамки на надлежностите на Секторот за управување со ИПАРД заедно со советодавците од АПРЗ се организираше 1 (еден) инфо ден во Тетово.

На средбата беа презентирани информации за најновата модификација на мерките 1 и 2, начинот на пополнување на барањето, потребната документација, критериумите, бодувањето и начинот за подготвување на деловниот план. Беше презентиран начинот на аплицирање по мерки (за механизација, подигање на лозови насади, опрема за систем за наводнување капка по капка, критериуми за прифатливост на корисник, подготовка на бизнис планови и др.).

Процес на помош и поддршка на потенцијалните корисници

Процесот на помош и поддршка при пополнување на барањето се состоеше од доставување на сеопфатни информации од страна на советодавците на АПРЗ кон потенцијалниот корисник. Барателите кои се јавуваа беа правни и физички субјекти.

Потенцијалниот корисник беше информиран за принципите на програмата, правилно насочуван и запознат со можностите за искористување на средствата, согласно неговите производни капацитети, видот на производство, неговиот правен статус и локацијата на руралната средина каде се наоѓа. Исто така, беше информиран за потребната документација која треба да ја прибере, критериумите кои треба да ги исполнува, начинот на бодување за избор, како и за сите други потребни информации со кои се комплетира начинот на постапката за доставување на комплетирано барање до АФПЗРР. Советодавецот дополнително обезбедуваше бесплатна услуга која се состои од поддршка при подготовка на барањето и деловниот план.

Советодавците во периодот пред јавните повици работеа со барателите кои не ги исполнаа критериумите и поради тоа не успеале да се јават по предходните повици или пак нивните барања не беа прифатени, за изнаоѓање поддршка се со цел овозможување подобра и поквалитетна апликација која ќе ги задоволи критериумите за прифатливост.

Согледувања и констатации

- АПРЗ има клучна улога за подобра искористеност на средствата од програмата.
- Институциите вклучени во процесот не се доволно запознати со нивните надлежности по програмата (пр. ЕЛС, Катастар на РСМ и сл.).
- Барателите имаат проблем при обезбедување на гаранција за кредит пред банките.
- Отежнато добивање на одобрение за градба од ЕЛС (често нема изготвено ДУП за поголем дел населени места).
- Ненавремена исплата на средствата од АФПЗРР после склучен договор.
- ЈП Водостопанство издаваше договор за користење на вода само во неколку региони.
- Обемна постапка за обезбедување на елаборат од МЖСПП за заштита на животната средина.

Според задолженијата од Владата на РСМ за обезбедување на поефикасна поддршка во реализацијата на Програмата, ваквата состојба нужно ја наметна потребата за учество на советодавецот со сопствени финансиски средства и дополнително ангажирање надвор од работното време.

Ваквата финансиска ситуација директно се одразува на ефикасноста во активностите за реализација на Програмата а вложувањето на сопствените финасиски средства претставува сериозно оптеретување во севкупните работни задачи кои треба да се остварат од страна на советодавците на АПРЗ.

3.3 Програма: Систем за мониторинг на фарма/ФАДН

Суштествена активност која што АПРЗ ја реализира уште од 2001 година е ФМС/ФАДН. Оваа активност овозможува континуитет на воспоставувената мрежа на сметководствени податоци од земјоделски стопанства при што се формира база на податоци од физички и економски параметри од земјоделски стопанства и

истите се обработуваат според потребите на корисниците. Обработените податоци и нивните извештаи се наменети за земјоделските стопанства, развојот на советодавните услуги, други чинители од агропрехранбениот сектор. Оваа програма ги поддржува ЕУ регулативите за воспоставување на ФАДН во Р. Македонија. За таа цел податоците кои имаат репрезентативен атрибут, во дефинирана форма се испраќаат во Одделението за ФАДН при МЗШВ. Во наредниот период активностите кои се однесуваат на ФАДН, ќе се реализираат согласно потпишаниот договор помеѓу МЗШВ и АПРЗ.

Прибирањето на податоците од страна на АПРЗ е дефинирано во Годишната програма за работа на АПРЗ. Прилог на информацијата е табеларен преглед на Активности за ФАДН на годишно ниво според динамиката на реализација во АПРЗ.

Во 2018 година во соработка со Оделението за ФАДН при МЗШВ дефинирани се **712 земјоделски стопанства** и **14 фирми** или со вкупно **726 стопански субјекти** со кои се склучени договори (согласности) за прибирање на сметководствени податоци за 2018 година.

Внесените податоци за 2017 година во системот во соработка со оделението за ФАДН со помош на РИКА системот на повеќе пати се контролираа и грешките софтверски и технички беа отстранети. Така заклучно со 2018 година се корегирани и заклучени внесените податоци од 2017 година.

Базата на податоци која што ја поседува АПРЗ, неминовно треба да биде конзистентна, а тоа значи дека има потреба од воспоставување на цврста релација и меѓусофтверско поврзување. Ваквата конзистентност ќе значи попрецизна и поконкретна анализа на податоци, а воедно ќе може да се добиваат податоци и да се прават анализи од поширок аспект. Во 2018 се организирани обуки на советодавците за внесување на податоци во новиот совфтвер кои се креира за 2019 година.

Табела 3: Преглед за опфат на фарми и фирми во ФАДН по Регионални Оделенија:

Одделение за Регион	**Советници кординатори**	**Бр. на вклучени советодавци**	**Реализирани посети на терен**	**Опфат на фарми**
Штип	1	16	544	137
Скопје	1	14	548	138
Струмица	1	10	428	108
Куманово	1	8	314	79
Тетово	1	9	400	89
Битола	1	17	692	175
Вкупно	**6**	**74**	**2926**	**726**

4 ЗАКЛУЧОК

Минатата 2018 година програмските активности на АПРЗ беа насочни според потребите од теренот-земјоделците, во согласност со Владините програми и приоритети. Покрај 30-те работни единици функционираат и 16 дисперзирани канцеларии во руралните средини со што се овозможи советодавците од АПРЗ да бидат поблиску до земјоделците како нивна непосредна помош и поддршка.

АПРЗ дава големо значење на транспарентноста и отчетноста во работењето со цел поголемо чувство на совесност и одговорност кај секој вработен. Воедно, се применува и принципот на поширока инволвираност на вработените во функционирањето на АПРЗ, кое е регулирано со соодветни интерни акти.

АПРЗ континуирано во рамките на секојдневното работење дава суштинска поддршка при релизација на Програма за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ИПАРД програмата и други мандатирани активности согласно позитивните прописи. Има потреба од дистинкција на обврските и ингеренциите на институционално ниво и нивно усогласување заради взаемно синергистичко делување со што би се потенцирала ефикасноста во работењето.

Врз основа на моменталната структура на вработените во АПРЗ и планираните активности се наметнува потребата од континуитет во регрутирање на нови стручни кадри низ работните единици.

Битола,
февруари 2019 година

Директор

_____

Elgafar Jusufi